# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ КЛИНИЧКА ПСИХОЛОГИЈА И ПСИХОПАТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр.2002-66/3 од 22.2.2018 година донесена на 197. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 22.2.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области *клиничка психологија и психопатологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, во следниот состав:

- проф. д-р Татјана Вукосављевиќ-Гвозден, редовен професор, Одделение за психологија, Катедра за клиничка психологија, Филозофски факултет, Универзитет во Белград и РЕБТ и КБТ Центар за психотерапија, Белград, претседател;
- проф. д-р Бранислав Стефановски, редовен професор, ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија, Катедра за психијатрија и медицинска психологија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, член;
- проф. д-р Сашо Стојчев, редовен професор, Катедра за неврологија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 8.2.2018 година. Во предвидениот рок се пријави само проф. д-р Ленче Милошева, редовен професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип да го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Проф. д-р Ленче Милошева** е родена на 24 јули 1968 год. во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип, како првенец на генерацијата. Студиите по психологија ги завршува во 1990 год. на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, како најдобар студент во групата. Во 1991 год. се запишува на магистерски студии на Економскиот факултет - Маркетинг, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", а со успешно одбранета магистерска теза од областа на применета психологија ги завршува студиите во 1994 год. Понатамошното усовршување го продолжува на Институтот за психологија, Филозофски факултет - Скопје, на постдипломско ниво, каде што од 1995 до 1996 год. ги положува предвидените испити и ги комплетира постдипломските студии од областа на психологијата.

Од 1997 до 2004 год. работи како клинички психолог (психодијагностика, психотерапија и советување) во Воена болница во Скопје, Одделение за психијатрија и неврологија. Истовремено е и асистент од 1997/1998 до 2002/2003 год., Воена болница, наставно-научна база на Медицински факултет, УКИМ, Скопје. Во Воена болница - Скопје работи до јуни 2004 год. Во овој период работи на докторската дисертација, мултидисциплинарен пристап кој вклучува развојна, социјална и клиничка психологија и ја пријавува во 1999 год. на Институтот за психологија, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје. Во јули 2002 год. по успешната одбрана на докторската дисертација се стекнува со научно звање доктор на психолошки науки.

По докторирањето, во 2003 год. е избрана за доцент за група предмети од областа на развојна психологија и развојна психопатологија на Педагошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и како континуитет на претходниот интерес, своето постдокторско усовршување го продолжува на универзитетите во Америка и во Европа во областите клиничка психологија и развојна психопатологија.

Во 2007 год., како добитник на стипендијата од Стејт Департментот, JFDP програма во САД престојува како визитинг професор и истражувач на *Louisiana State University*, Baton Rouge, College of Arts and Science, Department of Psychology, USA (во областите развојна психологија и психопатологија; клиничка психологија и психотерапија). Покрај изведувањето на настава и истражување, проф. д-р Ленче Милошева во овој период, на Департментот за психологија, Катедра за клиничка психологија, е слушател на курсеви на докторско ниво од областа на клиничката психологија на развојни периоди, развојната психопатологија и психотерапија. Истовремено, на истиот Универзитет под супервизија на проф. д-р Thompson Davis III е вклучена во клиничката и истражувачката работа во Лабораторијата LAPIS при Клиниката за детска и младинска психијатрија (The Laboratory for Anxiety, Phobia, & Internalizing Disorder Studies, LSU, Baton Rouge, USA, области: Клиничка психологија на развојни периоди и психотерапија).

Во 2008 година, како добитник на стипендијата DAAD за едномесечен истражувачки престој, престојува како визитинг професор и истражувач на Lut. University of Applied Science и Clinic of Psychiatry and Psychotherapy, *Nurnberg, Germany* (области: клиничка психологија и психопатологија, психотерапија). *Во* август 2011 год. има научноистражувачки престој на University of Aarhus, Faculty of Education; University of Copenhagen, Faculty of Social Science, Department of Psychology, University Clinic, *Copenhagen, Denmark* (области: развојна психологија и клиничка психологија).

Од 2009 до 2015 год., проф. д-р Ленче Милошева завршува втори докторски студии, со одбрана на втора докторска дисертација, Универзитет во Белград, Филозофски факултет, Одделение за психологија, Катедра за клиничка психологија (области: клиничка психологија, психопатологија и психотерапија), со освоени 180 ЕКТС, просек 9,88. Насловот на темата за докторска дисертација е *„Фактори на ризик во настанување на депресија во адолесценција од агол на трансакционен стрес модел на когнитивна вулнерабилност“*, а ментор е проф. д-р Татјана Вукосављевиќ-Гвозден. Кандидатката има доставено Решение за нострификација од Министерство за образование и наука, УП1 бр.15-1808 од 9.9.2016 год. и Решение за еквиваленција на оценки и просек од Министерство за образование и наука, бр. 14 -1549/2 од 7.2.2018 год.

Проф. д-р Ленче Милошева е сертифицирана и едуцирана во областа психотерапија, која е составен дел на клиничката психологија. Покрај знаењата од когнитивно-бихејвиоралната терапија, психодинамската психотерапија и семејната психотерапија, стекнати на докторско ниво на Универзитетот во Белград и Универзитетот во Батон Руж, како и покрај долгогодишното клиничко искуство на одделенијата за психијатрија и неврологија во Воена болница, таа во периодот од 2010 до 2011 год. посетува едукација и тренинг од системска и семејна психотерапија на Институтот за брак, семејство и системска пракса - алтернатива, Скопје, Школа за системска и семејна пракса, Скопје (членка на EFTA - European Family Therapy Association). Од 2015 год. усовршувањето во психотерапијата го продолжува во Белград во РЕБТ и КБТ Центар, придружница на Albert Ellis Institute New York. По завршување на две години на примарното и напредно ниво од Рационално-емотивна и когнитивно бихејвиорална терапија, во моментот посетува трета година на клиничката програма *„Associate Fellow of Albert Ellis Institute in Rationale-Emotive & Cognitive Behavior Therapy”, Albert Ellis Institute New York*. За ова доставува сертификати од Albert Ellis Institute New York и потврди од РЕБТ и КБТ Центар во Белград.

Во септември 2015 год. реализира научноистражувачки престој: COST STSM Clinic for Psychiatry and Psychotherapy, Paracelsus Private Medical University, Nurnberg, Germany, од областите клиничка психологија и психопатологија, невронауки и психотерапија.

Од 2007 год. работи на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, како вонреден професор 2008-2013 год. на Факултет за образовни науки и Факултет за медицински науки (области: клиничка психологија, развојна психологија и психопатологија, прв и втор циклус студии). Од 2007 до 2009 год. е на функција проректор за настава. Од 2013 год. до денес е вработена на Факултет за медицински науки како редовен професор, изведувајќи настава и научни истражувања од областите: клиничка психологија, психопатологија и психотерапија.

Од 2017 год. е национален координатор на Светска здравствена организација за ментално здравје, а од 2018 год. е советник за научна соработка на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за повторен избор во звање редовен професор***

1. Проф. д-р Ленче Милошева е редовен професор од научните области во кои се избира, Одлука на Универзитетски сенат, бр. 0701-857/3 од 15.8.2013 год. и Анекс на Договор за вработување бр. 0402-7/2 од 16.8.2013 год. според кои е во редовен работен однос како редовен професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Завршува втори докторски студии и втора одбранета докторска дисертација од областите клиничка психологија, психопатологија и психотерапија, од кои се избира, на Универзитет во Белград (меѓу првите 200 на Шангајската листа).

2. Проф. д-р Ленче Милошева ги исполнува законските услови, има објавени 12 научноистражувачки трудови во соодветните области во меѓународни индексирани научни списанија или меѓународни научни публикации во изборниот период, последните пет години; од кои пет научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години (изборен период).

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Miloseva, L.,Vukosavljevic-Gvozden,T., Milosev,V. & Davis,T. III | Can we predict and prevent subclinical depression in adolescence ? | The Journal of Nervous and Mental Disease, 206 (2). pp. 102-107. ISSN 0022-3018<br>2018 | Web of Science, PubMed IF=1.860 |
| 2 | Miloseva,L., Vukosavljevic-Gvozden,T., Richter,K., Milosev, V., Niklewski,G. | Perceived social support as a moderator between negative life events and depression in adolescence: Implications for prediction and targeted prevention. | EPMA Journal, 8 (3). pp. 237-245. ISSN • Print ISSN1878-5077 • Online ISSN1878-5085<br>2017 | Web of Science, PubMed<br>IF=1.078 |
| 3 | Richter, K., Acker, J., **Miloseva,L.,** Peter,L., Niklewski, G.<br>(RK and AJ contributed equally as first authors) | Management of Chronic Tinnitus and Insomnia with Repetitive Transcranial Magnetic Stimulation and Cognitive Behavioral Therapy – a Combined Approach. | Frontiers in Psychology / Clinical and Health Psychology, 8 (575). ISSN 1664-1078<br>2017 | Web of Science, PubMed<br>IF=2.323 |
| 4 | Miloseva,L., Milosev, V., Arsova,R., Jovevska, S. | Suicidal thoughts as cognitive risk factors for suicide among cancer patients | International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education (IJCRSEE), 4 (2). pp. 53-56. ISSN 2334-847X (Printed) / 2334-8496<br>2016 | SCOPUS<br>IF=0.119 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Miloseva,L., Milosev, V., Rihter, K. | Cognition and Suicide: Effectiveness of Cognitive Behaviour Therapy. | International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education (IJCRSEE), 4 (1). pp. 79-84. ISSN ISSN 2334-847X (Printed) ISSN 2334-8496 (Online) 2016 | SCOPUS<br><br>IF= 0.119 |

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 6 | Miloseva, Lence | The Scope of Macedonian Research on Cognitive Vulnerability to Depression in the Developmental Period of Adolescence.<br><br>2017 | ISSBD Bulletin, Supplement to International Journal of Behavioral Development, 41 (3). pp. 16-19. ISSN (Print) ISSN 2040-5235 (Online) ISSN 2040-5243 | 20 |
| 7 | Miloseva, Lence | A Case of depression screening in schools | Journal on Educational Psychology, 5 (1). pp. 1-8. ISSN 2230-7141 / 0973-8827 (print) | 15 |
| 8 | Miloseva, L. & Vukosavljevic-Gvozden, T. | Perfectionism Dimensions in Children: Association with Anxiety and Depression.<br><br>2014 | Procedia - Social and Behavioral Sciences, 159 (2014). pp. 78-81. ISSN 1877-0428 | 9 |
| 9 | Miloseva, Lence | Positive Psychology Enviroment for children and adolescents with disabilities 2014 | Iskanja (Vzgoja-Pre-Vzgoja), 2014 (49/50). pp. 49-59. ISSN 0352-3233 | 14 |
| 10 | Miloseva, Lence | Developmental Psychopathology and Education. 2013 | Iskanja (Vzgoja-Pre-Vzgoja) (47-48). pp. 19-30. ISSN 0352-3233 | 14 |
| 11 | Vukosavljevic-Gvozden, T. Dutina,S., & **Miloseva, L.** | Comparisons of Different Measures of Anxiety Sensitivity<br><br>2016 | Зборник на текстови од меѓународната конференција за теорија и практика во психологијата, Институт за психологија, Скопје. pp. 499-534. ISBN 978-608-238-109-1 | 10 |
| 12 | Miloseva, L., Vukosavljevic-Gvozden, T. & Milosev, V. | Can we improve children's mental health with Why Try Program*?*<br><br>2014 | The Eight International Scientific Conference Special Education and Rehabilitation Today, Belgrade, Serbia.pp.157-161. ISBN 978-86-6203-061-0 | 13 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

***Наставно-образовна дејност***

Својата академска кариера проф. д-р Ленче Милошева ја започнува како асистент од 1997/1998 до 2002/2003 год., Воена болница, наставно-научна база на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. На истиот универзитет, како избран доцент на Педагошки факултет (2003-2008 год.), изведува настава по предмети од областите: развојна психологија и развојна психопатологија. Од 2008 до 2013 год. е избрана за вонреден професор на Факултет за образовни науки и Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (области: клиничка психологија, развојна психологија и психопатологија, прв и втор циклус студии). Од 2013 до 2018 год. е вработена на Факултет за медицински науки како редовен професор, изведувајќи настава и научни истражувања од областите клиничка психологија, психопатологија и психотерапија (прв, втор и трет циклус студии). Во 2014 год. е основач и раководител на Катедрата за психијатрија и клиничка психологија и Психолошка лабораторија (Универзитетски гласник бр. 32 на УГД).

На прв циклус интегрирани студии проф. д-р Ленче Милошева предава на студентите по општа медицина предмети од областите на изборот - клиничка психологија и психопатологија (Медицинска психологија, 2+1+1; Развојна психопатологија, 2+0+1 и Психотерапија, 2+0+1 и дел од предметот Психијатрија, 2+1+1). На студентите на дентална медицина држи настава по предметот Медицинска психологија, 2+0+1. На студентите на стручните студии држи настава по предметот Клиничка психологија, 1+1+1 и за акушерките стручни предмети Психологија и психопатологија на новороденче и доенче, 2+1+1 и Подготовка за раѓање на дете и родителство, 2+1+1. На втор циклус специјалистички студии е автор, раководител и акредитиран ментор за специјалистички студии по ментално здравје за дипломирана медицинска сестра/техничар. Ги предава предметите: Клиничка психологија (одбрани поглавја), 3+2+1; Развојна психологија и психопатологија, 3+2+1; Клиничка невропсихологија, 2+0+1.

На трет циклус студии е автор на студиската програма Невронауки и раководител на истата. Заедно со колегите од Парацелзиус Медицински универзитет Нирнберг, изведува настава по предметите: Основи на невронауките, 3+3+1; Методологија и етика на научноистражувачка работа во невронауките, 4+3+1; Когнитивни, бихејвиорални и клинички невронауки, 4+3+1; Развојни невронауки и психопатологија, 2+2+1. Акредитиран и актуелен ментор е на тројца докторанди на невронауки.

За потребите на наставата на студентите на Факултет за медицински науки, проф. д-р Ленче Милошева има искреирано е-курсеви на е-учење за сите предмети за кои држи настава. Таму се прикачени нејзини материјали, скрипти, авторизирани предавања. Од интерната скрипта и авторизираните предавања по предметот Медицинска психологија за студентите по општа медицина, во процедура е изработка на универзитетски учебник насловен „Медицинска психологија и психопатологија“. Од приложените одлуки од ННС на Факултет за медицински науки се заклучува дека од областите во кои се бира - клиничка психологија и психопатологија била ментор, член на комисија на дипломски работи, специјалистички трудови и турнуси на специјализација. Поддржува млад и соработнички кадар преку вклучување во научноистражувачка работа во проектите кои ги раководи и преку нивно вклучување во наставниот процес. Проф. д-р Ленче Милошева има потврда за позитивна евалуација од студентите на Факултет за медицински науки.

***Научноистражувачка дејност***

**Трудови објавени во научни списанија со импакт (IF) фактор во периодот од 2013 до 2018 година**

1. Miloseva, Lence and Vukosavljevic-Gvozden, Tatjana and Milosev, Vladimir and Davis, Thompson III (2018) *Can We Predict and Prevent Subclinical Depression in Adolescents?* The Journal of Nervous and Mental Disease, 206 (2). pp. 102-107. ISSN 0022-3018 Web of Science, PubMed IF=1.860 https://journals.lww.com/jonmd/pages/default.aspx http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19504

Целта на овој оригинален научен труд беше да се определи кои ризик-фактори се значајни предиктори во настанувањето на депресијата во адолесценција и ги дискриминираат клиничката, субклиничката и контролната група. Примерокот се состоеше од 412 адолесценти (61,7 % од женски пол и 38,3 % од машки пол) на возраст од 13 до 17 години. Беа мерени когнитивно-вулнерабилните фактори за депресија (дисфункционални ставови, негативен инференцијален стил, руминативен респонсивен стил) и психосоцијалните ризик-фактори (негативни животни настани, перципирана социјална поддршка). Последователната дискриминативна функционална анализа покажа дека е возможно да се разликуваат овие групи на база на спомнатите предиктори и определи две дискриминативни функции (значајни на ниво $p < 0.001$). Неочекувано, руминативниот респонсивен стил беше најмоќниот дискриминативен предиктор, кој има и позитивен и адаптивен дел и истовремено максимално ја разликува субклиничката група од клиничката и контролната група. Трудот поседува оригинална научна и клиничка апликативна важност.

2. Miloseva, Lence and Vukosavljevic-Gvozden, Tatjana and Richter, Kneginja and Milosev, Vladimir and Niklewski, Günter (2017)*Perceived social support as a moderator between negative life events and depression in adolescence: Implications for prediction and targeted prevention.* European Preventive EPMA Journal, 8 (3). pp. 237-245. ISSN • Print ISSN1878-5077 • Online ISSN1878-5085 Web of Science, PubMed IF=1.078 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18801

Во овој оригинален научен труд првата цел беше да се определи дали перципираната социјална поддршка има модераторска улога во примерок кој се состои од клинички, субклинички и контролни испитаници. Втората цел беше да се идентификува во која од субгрупите инеракциониот ефект е значаен, односно перципираната социјална поддршка се однесува како модератор. Примерокот се состоше од 412 адолесценти (61,7 % од женски пол и 38,3 % од машки пол) на возраст од 13 до 17 години. Резултатите покажаа дека поврзаноста помеѓу нивоата на депресивните симптоми и негативните настани се менува во зависност од промените на вредноста на модератор варијаблата, перципирана социјална поддршка. Посебно интересен наод е дека модерирачкиот интеракционен ефект беше значаен само во субклиничката група ($p < 0.001$). Покрај оригиналната научна вредност, трудот има и клиничка апликативна вредност, бидејќи нуди можности за креирање на предиктивен превентивен модел и адекватен третман.

3 Richter, Kneginja and Acker, Jens and **Miloseva, Lence** and Peter, Lucas and Niklewski, Günter (2017) *Management of Chronic Tinnitus and Insomnia with Repetitive Transcranial Magnetic Stimulation and Cognitive Behavioral Therapy – a Combined Approach.* Frontiers in Psychology/Clinical and Health Psychology, 8 (575). ISSN 1664-1078 (KR and JA contributed equally as first authors) Web of Science, PubMed IF=2.323 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17804

Во оваа научна студија на случај презентиравме случај на 53-годишен пациент од машки пол, кој почнал да искусува симптоми на 49-годишна возраст, кои биле најверојатно поврзани со стрес на работното место. Во текот на болеста пациентот развил коморбид инсомнија. Направивме третман со десет сесии на репетитивна транскранијална магнетна стимулација (rTMS) следена со последователна когнитивно-бихејвиорална терапија (CBT). По завршувањето на третманите со комбинацијата на технолошки и психолошки пристап, подобрувањата на применетите тестови беа видливи во однос на нивото на тинитус симптоми, нивото на депресивни симптоми и добросостојбата. Трудот има оригинална научна вредност, но има и клиничко апликативна вредност.

4. Miloseva, Lence and Milosev, Vladimir and Arsova, Roza and Jovevska, Svetlana (2016) *Suicidal thoughts as cognitive risk factors for suicide among cancer patients.* International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education (IJCRSEE), 4 (2). pp. 53-56. ISSN 2334-847X (Printed) / 2334-8496 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16909 SCOPUS IF= 0.119

Научното истражување е спроведено на Одделот за максилофацијална хирургија, Клиничка болница - Штип, од 2014 до 2016 год. со цел да утврдиме дали преведениот прашалник Patient Health Questionnaire-9 (PHQ-9) можеме да го адаптираме на македонски

примерок со цел скрининг на пасивни суицидални мисли. Втората цел беше да ја опишеме природата на мислите „подобро да сум мртов или повреда на себе на каков било начин" за кои известуваат пациентите со карцином. Прашалникот покажа добра релијабилност. Ги анализиравме мислите пријавени од пациентите во рамки на модифицираните категории на суицидалност. Од 67 (54,92 %) пациенти кои го заокружија ајтемот 9 со „да", највисокиот процент беше во категоријата со пасивни суицидални идеи 39 (58,21 %). Трудот има оригинална научна вредност, но и клиничко апликативна.

5. Miloseva, Lence and Milosev, Vladimir and Richter, Kneginja (2016) *Cognition and Suicide: Effectiveness of Cognitive Behaviour Therapy.* International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education (IJCRSEE), 4 (1). pp. 79-84. ISSN ISSN 2334-847X (Printed) ISSN 2334-8496 (Online) SCOPUS IF= 0.119http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15966

Целта на овој научен прегледен труд е да ги претстави емпириските наоди за ефективноста на когнитивно-бихјвиоралната терапија (CBT) во редуцирање на суицидалните когниции и суицидалното однесување. Анализата на емпириските наоди од најстариот прв систематски преглед на трудови и мета-анализите и најновиот преглед покажуваат дека нема доволно аргументи од клиничките истражувања кои би сугерирале дека CBT фокусирана на менталните болести ги редуцира суицидалните когниции и однесување. Но, од друга страна, сепак постојат наоди за ефикасноста на CBT и потребата од тренирање на клиничарите во користење на овие методи и техники. Наодите, предизвиците, ограничувањата и идните насоки за истражување се дискутирани во трудот, кој има оригинална научна и клиничко-апликативна вредност.

**Трудови објавени во меѓународни списанија и меѓународни научни публикации во периодот од 2013 до 2018 година**

6. Miloseva, Lence (2017) *The Scope of Macedonian Research on Cognitive Vulnerability to Depression in the Developmental Period of Adolescence.* ISSBD Bulletin, Supplement to International Journal of Behavioral Development, 41 (3). pp. 16-19. ISSN (Print) ISSN 2040-5235 (Online) ISSN 2040-5243 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18526 (меѓународно списание, суплемент на списание кое е на WOS листата со импакт фактор, издавач е SAGE)

Во овој оригинален научен труд е даден преглед на истражувањата кои беа спроведени во Р. Македонија од страна на проф. д-р Ленче Милошева, со фокус на когнитивната вулнерабилност за депресија во развојниот период на адолесценција. Покрај краткиот осврт на спроведените истражувања, исто така се дадени и насоки за идни истражувања. Трудот има оригинална научна вредност.

7. Miloseva, Lence (2016) *A Case of depression screening in schools.* Journal on Educational Psychology, 5 (1). pp. 1-8. ISSN 2230-7141 / 0973-8827 (print) http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16868 (меѓународно списание, попознати бази во кои е индексирано: ERIC, EBSCO итн.)

Адолесцентната клиничка и субклиничката депресија имаат значајно негативно влијание на добросостојбата на адолесцентите, нивните училишни постигнувања и целокупното функционирање. Ова оригинално научно истражување е дел од поголем научен проект. Спроведено е во основните и во средни училишта во Р. Македонија на испитаници на возраст од 13 до 17 години. Досега не постои вакво или слично истражување спроведено во Р. Македонија чиј фокус е скрининг на депресија во период на адолесценција во училиштата. Податоците и трудот, покрај научната вредност, имаат и практична вредност за образовните и клиничките експерти, пред сè поради можностите за креирање на превентивните и интервентните програми во училиштата.

8. Miloseva, Lence and Vukosavljevic-Gvozden, Tatjana (2014) *Perfectionism Dimensions in Children: Association with Anxiety and Depression.* Procedia - Social and Behavioral Sciences, 159 (2014). pp. 78-81. ISSN 1877-0428 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12215 (меѓународно списание, издавач: Elsevier,Science Direct)

Овој оригинален научен труд има за цел да ја истражи поврзаноста на димензиите на перфекционизмот со анксиозноста и депресијата помеѓу децата и адолесцентите.

Истраживме можни разлики помеѓу четири групи на деца (деца без евидентни симптоми; деца со евидентни симптоми на анксиозност; деца со евидентни симптоми на депресија; деца со евидентни симптоми на анксиозност и депресија) во однос на нивото на димензиите на префекционизмот (сензитивност на грешки; условена самопочит; компулзивност; потреба за восхитување). Примерокот се состоеше од 468 ученици на возраст од 11 до 14 год., од петто до осмо одделение во основно училиште, од кои 279 беа од женски пол и 189 од машки пол. Користени се следните инструменти: Adaptive/Maladaptive Perfectionism Scale (Rice & Preusser, 2002), SKAN (Puric, 1992; според Zaic, 2005) и Children's Depression Inventory (CDI, Kovacs, 1981). Резултатите укажуваат на постоење на поврзаност на димензиите на перфекционизам со анксиозноста и депресијата. Трудот има научна и клиничка апликативна вредност.

9. Miloseva, Lence (2014) *Positive Psychology Enviroment for children and adolescents with disabilities.* Iskanja (Vzgoja-Pre-Vzgoja), 2014 (49/50). pp. 49-59. ISSN 0352-3233 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18954 (меѓународно списание, EBSCO)

Во соработката со локалната заедница, главна цел на овој научен труд беше да се идентификува присуството на дискриминација кон децата и адолесцентите со пречки во развојот. Рамката на ова истражување е во позитивните психолошки програми и социјалната еколошка теорија. Во првиот дел од истражувањето ги испитавме ставовите на студентите кон децата и адолесцентите со пречки во развојот. Во вториот дел од истражувањето креиравме психоедукативни работилници кои ги имплементиравме во средните училишта и на Факултетот за образовни науки и ги испитавме ефектите од нивната примена. Трудот има научна и стручно-апликативна вредност.

10. Miloseva, Lence (2013) *Developmental Psychopathology and Education.* Iskanja (Vzgoja-Pre-Vzgoja) (47-48). pp. 19-30. ISSN 0352-3233 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18953 (меѓународно списание, EBSCO)

Во овој прегледен научен труд се претставени дефинирачките принципи, концептите, прогресот и идните насоки во развојната психопатологија. Исто така, ја нагласивме поврзаноста на развојната психопатологија и образованието. Се појавува нов период во развојот на развојната психопатологија со примена на развој на мозокот и пластичност, интеракција помеѓу гените и средината, резилиентност и закрепнување, мултинивоа динамика, мултидисциплинарни истражувања и методологии за оценување и анализирање на промените во текот на времето во и низ индивидуалните системи и контекст. Трудот има научна и стручно-апликативна вредност.

11. Vukosavljevic-Gvozden,Tatjana and Dutina, Sanja and Miloseva, Lence (2016) *Comparisons of Different Measures of Anxiety Sensitivity.* Зборник на текстови од меѓународната конференција за теорија и практика во психологијата, Институт за психологија, Скопје. pp. 499-534. ISBN 978-608-238-109-1 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16955

Иако најчесто користена мерка за анксиозна сензитивност е Индексот на анксиозната сензитивност (Anxiety Sensitivity Index, ASI), со тек на време биле конструирани и други верзии. Целта на овој оригинален научен труд е да се направи компарација помеѓу Индексот на анксиозна сензитивност, ASI со три подоцнежни верзии: Индекс на анксиозна сензитивност-ревидиран (Anxiety Sensitivity Index-Revised, ASI-R), Профил на анксиозна сензитивност (Anxiety Sensitivity Profile, ASP) и Индекс на анксиозна сензитивност - 3 (Anxiety Sensitivity Index-3, ASI-3). Резултатите покажаа дека ASI-3 ги има најдобрите карактеристики и препораки за користење. Трудот има научна вредност.

12. Miloseva, Lence and Vukosavljevic-Gvozden, Tatjana and Milosev, Vladimir (2014) *Can we improve children's mental health with Why Try Program?* In: The Eight International Scientific Conference Special Education and Rehabilitation Today, 07-09 Nov 2014, pp.157-161. Belgrade, Serbia. ISBN 978-86-6203-061-0 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11819

Цел на овој научен труд е да се одговори на истражувачкото прашање за можностите за развој на попозитивна перцепција на учениците за нивната иднина и подобрување на однесувањето во училницата, присуството на часови и оцените, преку учеството во WhyTry Program. Микс метод дизајн беше применет да се испитаат ефектите од WhyTry Program. Од февруари до јуни 2014 год. на примерок на ученици од седмо и осмо одделение во три основни училишта во тек на 8 недели е применет WhyTry Program. Мерени се разликите во претест и посттест интервенција. Резултатите покажаа дека постојат

значајни разлики на две мерки: мерките на WhyTry Program (t=-.2.98, p=0.02) и BRIC (t=2.60, p=0.01). Трудот има научна и стручно-апликативна вредност.

**Трудови објавени во стручни списанија во периодот од 2013 до 2018 година**

13. Angeleska, Marina and **Miloseva, Lence** (2017) *Социо-демографски карактеристики на болни со депресивни растројства во ГОБ 8 Септември, Скопје од 2014 до 2016 година.* Medicus, информативен гласник на јавното здравство - Штип, 11 (26). pp. 10-13. ISSN 1857-5994 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18819
14. Milosev, Vladimir and **Miloseva, Lence** (2014) *Рехабилитација на пациенти со тумори на глава и врат.* Medicus, информативен гласник на јавното здравство - Штип, 9 (21). pp. 25-27. ISSN 1857-5994 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12179
15. Miloseva, Lence and Milosev, Vladimir (2014) *Перцепција на телото и фантомската болка – феномен од интерес за физикалната медицина.* Medicus, информативен гласник на јавното здравство - Штип, 9 (21). pp. 20-23. ISSN 1857-5994 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12180
16. Miloseva, Lence (2014) *Семејна дисфункционалност и депресија во период на адолесценција.* Medicus, информативен гласник на јавното здравство - Штип, 9 (19). pp. 22-24. ISSN 1857-5994 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12182
